Врз основа на член 39 став 5 од Законот за заштита на растенијата ("Службен весник на Република Македонија", бр. 25/98 и бр. 6/2000), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува

**2.2. ПРАВИЛНИК ЗА УСЛОВИТЕ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ПРАВНИТЕ ЛИЦА ВО ПОГЛЕД НА ОПРЕМАТА, УРЕДИТЕ И ОБЈЕКТИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ ИСПИТУВАЊА НА СРЕДСТВАТА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА**

**Член 1**

Со овој правилник се пропишуваат условите што треба да ги исполнуваат правните лица во поглед на опремата, уредите и објектите за вршење испитувања на средствата за заштита на растенијата и тоа за биолошката ефикасност и физичко-хемиските својства, заради пуштање во промет.

**Член 2**

Правните лица кои вршат испитувања на биолошката ефикасност на средствата за заштита на растенијата, треба да ги исполнуваат следните услови:

1. да обезбедат објекти со посебни простории за фитопатолошки, ентомолошки, нематолошки и херболошки лаборатории;

2. да имаат опрема и уреди за лабораториски испитувања, и тоа:

a) општа лабораториска опрема и уреди
- лабораториска стаклена опрема со разни големини и одбележана зафатнина;
- лупи;
- бинокулари;
- технички и аналитички ваги;
- термостати;
- фрижидери;
- сушници;
- лабораториски прскалки.

b) Фитопатолошка лабораторија
- микробиолошки игли;
- УВ-ламба;
- микроскопи;
- простор за изолација и микроскопирање;
- автоклав.

в) ентомолошка лабораторија
- сонди;
- инектори;
- комора за испитување на фумиганти;
- ентомолошки кафези.

г) нематолошка лабораторија
- сонди
- микроскоп;
- комплет сита.

d) Херболошка лабораторија
- хектолитарска вага;
- инструменти за мерење на влагата во зрното;

- прскалка со компресор за прецизна апликација.

3. да обезбедат површини и опрема за полски испитувања, и тоа:

- овошни и лозови насади;
- површини за повеќегодишни култури;
- површини за едногодишни култури;
- оранжерии и пластеници;
- грбни прскалки;
- депозитори;
- инектори.

**Член 3**

Правните лица кои вршат испитувања на физичко-хемиските својства на средствата за заштита на растенијата, треба да ги исполнуваат следните услови:

1. да имаат објекти - лаборатории за физичко-хемиски испитувања и посебни простории за чување на мострите од средствата за заштита на растенијата, чистите активни материи (стандарди со позната чистота) и технички активните материи;

2. да имаат опрема и уреди за квалитативно и квантитативно определување на физичко-хемиските својства на средствата за заштита на растенијата и на нивните активни материи, и тоа:

- опрема за гасна хроматографија, течна хроматографија;
- спектроскопија;
- уреди за определување на точка на палење, отворен и затворен систем;
- уреди за определување на точка на топење;
- стаклена апаратура.

**Член 4**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за условите под кои претпријатијата односно други правни лица можат да вршат биолошки предиспитувања и испитштита на растенијата ("Службен лист на СФРЈ", бр. 36/91).

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**Прилог бр. 1**

Објекти, опрема и уреди за испитување на биолошката ефикасност на средствата за заштита на растенијата

Правните лица кои вршат испитување на биолошката ефикасност на средствата за заштита на растенијата должни се да обезбедат соодветни објекти, површини, опрема и уреди за изведување на полски опити:

а) Објекти и површини

- објектите и површините треба да се изберат на соодветна локација и со соодветна големина за поставување на полските опити, според МКС и стандардизираните методи на ЕППО;

- избраните објекти и површини не смеат да бидат под влијание на фактори кои негативно делуваат врз испитувањата и резултатите при оценката на ефикасноста на испитуваните средства за заштита на растенијата;

- повеќегодишни насади (овошни и лозови) за изведување на полски опити, при што да се води сметка за староста на насадот, системот на подигање и одгледување, сортната застапеност, моменталната состојба, осетливоста на сортите кон одделни паразити, мерките за заштита од претходната година, типот на почвата на кој се подигнати и др.;

- површини за едногодишни култури за полски опити и заштитени простории (оранжерии и пластеници), при што да се води сметка за предкултурата, типот на почвата, присуството на паразити во почвата, а за семето и садниот материјал да се утврди потеклото, видот, сортата, квалитетот и здравствената состојба;

- силоси и магацини со потребната опрема и уреди за изведување на ДД и обезбедување на сигурносни мерки за спречување на пристап на луЃето и домашните животни за времетраењето на опитите;

- опрема и уреди (рачни, грбни, грбни механички или грбни моторни прскалки, тракторски турбо-атомизери, уреди за авиоапликација, запрашувачи, депозитори за гранули, инектори и др.) за апликација на средствата за заштита на растенијата (прскање, оросување, запрашување, замаглување, депонирање на гранули, инектирање и др.).

б) Лабораториска опрема и уреди

Правните лица кои вршат испитување на биолошката ефикасност на средствата за заштита на растенијата треба да располагаат (поседуваат) фитопатолошка, бактериолошка, ентомолошка, нематолошка или херболошка лабораторија со соодветна опрема и уреди:

1. Општа лабораториска опрема и уреди

- лабораториска стаклена опрема со разни големини и одбележана запремина;
- лупи со разни зголемувања, 10x, 20x, 50x;
- технички и аналитички ваги, капацитет до 200 г (со резолуција л мг) и поголем капацитет;
- термостати (200 литри капацитет, температура 5-40$^{o}$C);
- сушници, pH метри, апарат за дестилирање на вода, опрема за мерење на температурата и релативната влажност на воздухот и др.;
- компјутерска и канцелариска опрема (персонален компјутер, принтер, фотокопир, слајд проектори, дигитална фотокамера и др.).

2. Фитопатолошка и бактериолошка лабораторија

- лабораториска стаклена опрема (петри кутии, пипети во разни димензии, мензури, колби, ерлен маери, микробиолошки и хемиски епрувети, мерни чаши во разни димензии, предметни и покровни микроскопски стакла и др.), микробиолошки игли, ножици, пластични и глинени саксии во разни димензии, лабораториски прскалки и др.;
- УВ-ламба и простор за изолација и микроскопирање, микроскопи, стереомикроскопи, УВ-флуоресцентен микроскоп, автоклав, микротом и др.

3. Ентомолошка и нематолошка лабораторија

- лабораториска стаклена опрема (петри кутии, пипети во разни димензии, мензури, колби, ерлен маери, микробиолошки и хемиски епрувети, мерни чаши во разни димензии, предметни и покровни микроскопски стакла и др.), микробиолошки игли, ножици, пластични и глинени саксии во разни димензии, лабораториски прскалки и др.;
- сонди, инектори, бинокулари, стереомикроскопи, микроскопи;
- опрема за апликација на зооциди;
- опрема и уреди за изведување на ДД;
- комора за испитување на фумиганти;
- нематолошка опрема (разни сита) и уреди;
- простор за одгледување на инсекти и други животни и др.

4. Херболошка лабораторија

- лабораториска стаклена опрема (петри кутии, пипети во разни димензии, мензури, колби, ерлен маери, микробиолошки и хемиски епрувети, мерни чаши во разни димензии, предметни и покровни микроскопски стакла и др.), микробиолошки игли, ножици, пластични и глинени саксии во разни димензии, лабораториски прскалки и др.;
- лупи со разно зголемување, бинокулари;

- апарат за хектолитарска тежина (хектолитарска вага);
- мерни инструменти за испитување на влагата во зрното и др.;
- опрема за биотест методи.